Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријавата со број 12-1611/1 од 27.05.2025 година, поднесена од група акционери на АД за производство на ------------------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, поради тоа што пријавеното акционерско друштво не претставува правен субјект во државна сопственост, а пријавените лица не се службени лица во смисла на член 8 став 2 од ЗСКСИ, па изнесените наводи не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно Законот.

Предметот со број 12-1611/1 од 27.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 27.05.2025 година, до ДКСК доставена е пријава од познати подносители, во која се изразува незадоволство во врска со неисплаќање на (добивка) дивидента по основ на донесена Одлука од страна на Собранието на акционери на АД -----------------------, на седница одржана на 17.05.2025 година.
Подносителите во пријавата наведуваат дека се пензионери со ниски пензии и исплаќањето на дивидедата е од голема важност за нив.

Преку електронски пристап во Централен Регистар на РСМ, ДКСК обезбеди Тековна состојба со бр.----------/---------------- и Историјат на промени со бр.------------/------------------, и двете од 30.06.2025 година, за АД ------------------------------- и од увидот во истите утврди дека, горенаведното акционерско друштво има недефинирана сопственост, односно не е во државна сопственост.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК утврди дека од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, поради тоа што пријавениот правен субјект не претставува правно лице во државна сопственост, а пријавените лица не се службени лица во смисла на член 8 став 2 од ЗСКСИ, па изнесените наводи не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно Законот. Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор